**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-173/5**
**Скопје, 13.03.2007 година**

**ДО**
**ЈЗО ГРАДСКА АПТЕКА „СКОПЈЕ" – СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗО Градска аптека „Скопје" – Скопје со 31.12.2005 година и сметководствена евиденција и документација до денот на статусната промена заклучно со 30.06.2006 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на ЈЗО Градска аптека „Скопје" – Скопје (во понатамошниот текст Градска аптека ) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   › Весна Огненоска дипл.фарм. - В.Д. Директор на ЈЗО Градска аптека „Скопје" – Скопје

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи и сметководствена евиденција и документација до денот на статусната промена залучно со 30.06.2006 година, од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 14.12.2006 година до 19.01.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи и
   - дали сметководствената евиденција и документација до денот на статусната промена е законски заснована.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 22.02.2007 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 03-141. Истите беа разгледани и забелешките на наодите во точките 10.1.2, 10.3.3, 10.3.4, 10.3.8 и 10.4.1.1 се прифатени, точката 10.4.2.2 делумно е прифатена поради дополнително доставени докази, додека останатите забелешки се одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, како и сметководствена евиденција и документација до денот на статусната промена, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11.1. *Неправилна примена на акти:***

*Неправилна примена на акти при ревизија на финансиските извештаи со 31.12.2005 година*

11.1.1. Градска аптека за дел од недвижностите со кои располага и управува, нема обезбедено имотни листови (за 679 м2 постојат договори за изградба и купопродажба и поседовен лист), спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, поради непревземена иницијатива за запишување на недвижностите по службена должност, ослободена од плаќање надоместоци, во соработка со Министерство за здравство, согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Истото придонесува Градска аптека да не располага со документација како доказ на сопственоста и евидентирање на вредноста по истита, пред да се изврши проценката и отпочне приватизацијата.

11.1.2. Градска аптека не постапила согласно член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр. 10/04) односно не е извршена пререгистрација од Јавна здравствена организација во Јавна здравствена установа, а со тоа не се усогласени актите со постоечката законска регулатива, не е донесен нов Статут со што Собранието на Република Македонија се уште фигурира како основач на Градска аптека, а не Владата на РМ, спротивно на член 91 од Законот за здравствена заштита, ("Службен весник на РМ" бр. 38/91 У. суд - 73/92; 46/93, 55/95 и 10/04), поради отпочната постапка за приватизација. Неизвршената пререгистрација е спротивна на донесените измени во Законот за здравствена заштита и одлуките од страна на Владата согласно Законот, кај кои се користи називот ЈЗО наместо називот ЈЗУ.

*Неправилна примена на акти во фазата до статусната промена:*

11.1.3. Донесена е одлука од Владата на РМ за отпочнување постапка за приватизација на ЈЗУ Градска аптека „Скопје" – Скопје од 07.04.2006 година ("Службен весник на РМ" бр. 47/05), каде структурата е 100% државен капитал, без да се донесе Програма за начинот на остварување на приватизација и извештај за извршена ревизија на годишната пресметка од страна на Државниот завод за ревизија, поради непочитување на член 98 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр. 32/05). Истото има влијание на правилниот тек на приватизацијата.

11.1.4. Не е постапено согласно член 200-е од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр. 10/04, 84/04), каде приватизацијата на Градска аптека се смета за реализирана ако биде целосно откупен уделот од 75% од вкупно проценетата вредност на јавна берзанска аукција, односно со откупување на уделот од 75% не е извршено основање на Приватна здравствена установа и запишување во Централниот регистар, што е спротивно на членот 200-ѕ од овој закон. Истото има влијание за одолговлекување на процесот на приватизација и функционирање на аптеката.

### 11.2. *Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

*Неправилна примена на сметководствените политики и начела во фазата до статусната промена:*

11.2.1. Со денот на уплатата на продадените удели од 75% на јавна берзанска аукција на 07.06.2006 година настаната е статусна промена во поглед на сопственоста на капиталот на Градска аптека, а нема извршено заклучување на деловните книги и изготвено посебна пресметка, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради неизвршена статусна промена. Истото има влијание на отворањето на деловни книги како приватна установа и презентирање на финасиските извештаи во поглед на новонастанатата состојба и можноста за усогласување на постоечката сметководствена евиденција со Законот за трговски друштва (член 469 став 4).

### 11.3. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

11.3.1. Градска аптека со пописот во 2004 и 2005 година, извршила отпис на побарувања во вкупен износ од 68.430 илјади денари, без да превземе мерки за наплата на истите по судски пат, што е спротивно на Законот за облигациони односи, поради реално искажување на средствата во поглед на идните економски користи и има влијание на финансискиот резултат, односно искажување загуба, а се однесува на:

- Побарувања од купувачите во земјата во износ од 9.737 илјади денари, по одлука од Управен одбор за усвојување на извештајот и тоа од:

- Физички и правни лица во износ од 114 илјади денари од 2001 година,
- ЈЗО Клинички центар во износ од 324 илјади денари од 2001 година,
- Министерство за здравство, по основ на фактури за бегалци во износ од 767 илјади денари, социјална помош во износ од 220 илјади денари и неосигурани лица во износ од 370 илјади денари од 2000 година и
- ФЗО Подрачна единица Скопје, по основ на фактури за здравствени услуги во износ од 7.942 денари од 2001 и 2002 година.

- Дадени аванси по претплати на добавувачите од страна на Фондот во 2001 и 2002 година, во износ од 14.657 илјади денари, без одлука од Управен одбор и без известување за превземање мерки за наплата од страна на Фондот и тоа од Јака - Радовиш износ од 7.171 илјади денари и Лек - Скопје износ од 7.486 илјади денари. Извршениот отпис на побарувања се однесува за деловни партнери со кои Фондот активно соработува и има можност да изврши усогласување и компензација.

- Краткорочни побарувања од вработените во износ од 44.036 илјади денари, без да се изготват решенија по Записник од УЈП од 1999 година, за задолжување на вработените кои ги направиле кусоците и превземат мерки за наплата.

11.3.2. Извршен е отпис на побарувања во износ од 5.500 илјади денари по авансни исплати од страна на Фондот во 2003 година на добавувачите Јака - Радовиш и Лек - Скопје, за кои не е поминат рокот на застареност и не се превземени мерки за наплата, што е сротивно на одредбите од Законот за облигациони односи, поради реално искажување на средствата во поглед на идните економски користи и има влијание на финансискиот резултат, односно икажување загуба. Извршениот отпис на побарувања се однесува за деловни партнери со кои Фондот активно соработува и има можност да изврши усогласување и компензација.

11.3.3. Градска аптека на крајот на пресметковниот период не извршила уплата на наплатената партиципација во износ од 32.866 илјади денари, што е спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување, поради ненавремена наплата на побарувањата за извршени услуги од Фондот. Истото влијае на работење спротивно на законските прописи.

11.3.4. Во текот на 2005 евидентирани се обврски кон второрангирани добавувачи по тендер од Фондот, во износ од 51.382 илјади денари, со кои Градска аптека има склучено договори, спротивно на член 5 од Договорот со Фондот од 31.08.2004 година, поради препорака за истото во Известувањето од Министерство за финансии од 30.09.2004 година. Истото има влијание на превземање обврска за плаќање без обезбедени средства од Фондот и можност за судски спорови против Градска аптека за наплата од добавувачите.

11.3.5. Ревизијата констатира неусогласеност на билансните позиции, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Истото има влијание на реално искажување на вредноста на капиталот во Билансот на состојба и тоа:

- Позицијата Постојани средства од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Извори на капитални средства за износ од 45.455 илјади денари, а произлегува од спроведени книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните и нематеријалните средства ( загуби од претходни години како и сите расходи и вишоци кои се однесуваат на лекови и медицински материјали )

- Позицијата Залихи од Билансот на состојба не е усогласена со позицијата Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар) за износ од 1.261 илјада денари, а произлегува од неевидентирање на залихите на набавените материјали во Галенска лабораторија.

### 11.4. *Ненаменско и незаконско користење на средства:*

11.4.1. *Направени расходи без претходно обезбедени средства со финансискиот план и спротивно на законските прописи.*

11.4.1.1. Градска аптека одобрила позајмица во износ од 447 илјади денари на Синдикатот при Градска аптека, спротивно на образецот 2 Дејности од судската регистрација и Член 10 од Статутот на Градска аптека во однос на дејностите кои ги обавува Градска аптека, поради потребата од дополнително финансирање на Синдикатот. Истото има влијание на незаконска исплата.

11.4.2. *Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

11.4.2.1. Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки, поради несоодветна примена на законската регулатива и влијае на координирано вршење набавки преку еден набавувач од името на група набавувачи кои имаат потреба од ист вид на набавка.

11.4.2.2. Ревизијата утврди неправилности во поглед на применување на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 5.209 илјади денари.

**Препорака***: Ревизијата за утврдените наоди во извештајот дава препорака за превземање мерки од страна на сопствениците на Градска аптека, согласно постоечката законска регулатива за приватни здравствени установи.*

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.3 финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗУ Градска аптека „Скопје" – Скопје на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, 11.3, и 11.4. кај ЈЗУ Градска аптека „Скопје" – Скопје остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1, и 11.2. сметководствената евиденција и документација до денот на статусната промена кај ЈЗУ Градска аптека „Скопје" – Скопје, законски е заснована согласно регулативата што важи во Република Македонија.

**Скопје, 12.03.2007 година** **Овластен државен ревизор,**

## ЈЗО ГРАДСКА АПТЕКА „СКОПЈЕ„

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---:|---:|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 158,979 | 182,506 |
| Капитални приходи | 482 | 0 |
| Трансфери и донации | 531,257 | 515,175 |
| **Вкупно приходи** | **690,718** | **697,681** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 77,439 | 77,856 |
| Стоки и услуги | 641,112 | 750,094 |
| Каматни плаќања | 305 | 17,121 |
| **Вкупно тековни расходи** | **718,856** | **845,071** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 29,026 | 1,075 |
| **Вкупно капитални расходи** | **29,026** | **1,075** |
| **Вкупно расходи** | **747,882** | **846,146** |
| **Непокриени расходи** | **57,164** | **148,465** |

## ЈЗО ГРАДСКА АПТЕКА „СКОПЈЕ„

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,614 | 13,469 |
| Хартии од вредност | 1,833 | 1,563 |
| Побарувања | 115,156 | 100,491 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 168 | 72 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 448 | 448 |
| Побарувања од вработените | 399 | 399 |
| Активни временски разграничувања | 8,025 | 7,260 |
| Залихи | 59,133 | 68,960 |
| **Вкупно тековни средства** | **186,776** | **192,662** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 643 | 643 |
| Материјални средства | 87,882 | 68,097 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 2,831 | 2,831 |
| **Вкупно постојани средства** | **91,356** | **71,571** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 271,427 | 214,263 |
| **Вкупна актива** | **549,559** | **478,496** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 368,761 | 359,361 |
| Краткорочни финансиски обврски | 21 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2,229 | 3,097 |
| Финансиски и пресметковни односи | 32,865 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 5,394 | 5,545 |
| Пасивни временски разграничувања | 97,209 | 85,162 |
| **Вкупно тековни обврски** | **506,479** | **453,165** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **440** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 43,080 | 24,891 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **43,080** | **24,891** |
| **Вкупна пасива** | **549,559** | **478,496** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба на промените на материјалните и нематеријалните средства на 01.01.2005 година** | **68,740** | **68,740** |
| *Претходно спроведени книжења кои не се однесуваат на промените на материјалните и нематеријалните средства од пресметковен начин на евидентирање на загуби од претходни години и сите расходи и вишоци кои се однесуваат на лекови и медицински материјали* | *(43,849)* | *(43,849)* |
| **Состојба 01.01.2005 година** | **24,891** | **24,891** |
| **Зголемување по основ на:** | **29,846** | **29,846** |
| Набавки | 29,310 | 29,310 |
| *Вишок-пренесен од 2004 и вишок во тековната година кој се однесува на лекови и медицински материјали* | *536* | *536* |
| **Намалување по основ на:** | **11,657** | **11,657** |
| Расходи и отугувања | 558 | 558 |
| Амортизација | 8,967 | 8,967 |
| *Расход по попис 2005 година кој се однесува на лекови и медицински материјали* | *2,132* | *2,132* |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **43,080** | **43,080** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1205-173/10***
***Скопје. 25.04.2007 година***

Врз основа на член 23 став 7 од Законот за државна ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97.....70/06) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година и сметководствената евиденција и документација до денот на статусната промена заклучно со 30.06.2006 година на ЈЗО Градска аптека „Скопје” – Скопје број 03-492 од 29.03.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

## ***РЕШЕНИЕ***
### ***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на точката 11.1.1 од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година и сметководствената евиденција и документација до денот на статусната промена заклучно со 30.06.2006 година на ЈЗО Градска аптека „Скопје” – Скопје делумно се прифаќа.

2. Приговорот на точките 11.1.2, 11.1.3, 11.1.4, 11.2.1, 11.3.1, 11.3.2, 11.3.3, 11.3.4, 11.3.5, 11.4.1.1, 11.4.2.1 и 11.4.2.2 и прегледот на страна 22 од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година и сметководствената евиденција и документација до денот на статусната промена заклучно со 30.06.2006 година на ЈЗО Градска аптека „Скопје” – Скопје не се прифаќаат.

3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### ***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2005 година и сметководствената евиденција и документација до денот на статусната промена заклучно со 30.06.2006 година на ЈЗО Градска аптека „Скопје” – Скопје поднесен е приговор бр. 03-492 од 29.03.2007 година.

Образложенијата за неприфаќање на забелешките се следните:

1. Приговор на констатацијата изнесена во точката 11.1.1, од Конечниот извештај, а кои се однесуваат на необезбедени имотни листови (за 679 м2 за кои постојат договори за изградба и купопродажба и поседовен лист), делумно се прифаќа, поради тоа што е доставен имотен лист за 178 м2 додека за останатиот дел од 501 м2 не е извршено запишување на недвижностите по службена должност во соработка со Министерство за здравство, согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите.

2. Приговорот на точката 11.1.2 а која се однесува за неизвршена пререгистрација од Јавна здравствена организација во Јавна здравствена установа, неусогласени акти со постоечката законска регулатива, недонесен нов Статут а Собранието на Република Македонија се уште фигурира како основач на Градска аптека, а не Владата на РМ, **не се прифаќа**, поради тоа што е спротивно на член 3 и 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр. 10/04).

3. Приговорот на точката 11.1.3, од Конечниот извештај, а кој се однесува на отпочнување постапка за приватизација, без Програма за начинот на остварување на приватизација и Извештај за извршена ревизија на годишната сметка од страна на Државниот завод за ревизија, **не се прифаќа** бидејќи е спротивно на член 98 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр. 32/05).

4. Приговорот на точката 11.1.4 кој се однесува на неосновање на Приватна здравствена установа и запишување во Централниот регистар, **не се прифаќа** поради тоа што не е постапено согласно членовите 200-е и 200-ѕ од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита ("Службен весник на РМ" бр. 10/04, 84/04) каде приватизацијата на Градска аптека се смета за реализирана со целосно откупување на уделот од 75% од вкупно проценетата вредност на јавна берзанска аукција.

5. Приговорот на точката 11.2.1. на конечниот извештај, кој се однесуваат на неизвршено заклучување на деловните книги и изготвена годишна сметка, **не се прифаќа** поради тоа што со откуп на уделот од 75% од вкупно проценетата вредност на јавна берзанска аукција настаната е статусна промена во поглед на сопственоста на капиталот на аптеката, со што согласно член 29 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници е должна да изготви и достави годишни сметки во рок од 60 дена од денот на настанувањето на статусната промена до Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија.

6. Приговорот на точката 11.3.1. на Претходниот извештај кој се однесуваат на отпис на побарувања во 2004 и 2005 година, **не се прифаќаат** од причини што не се превземени мерки за наплата на истите пред рокот на застареност, што е спротивно на Законот за облигациони односи.

7. Приговорот на точката 11.3.2. кој се однесуваат на отпис на побарувања по авансни исплати од страна на Фондот во 2003 година на добавувачите Јака - Радовиш и Лек - Скопје, **не се прифаќаат** од причини што е извршен отпис на побарувања кои сеуште не се застарени и не се превземени мерки за наплата на истите, што е спротивно на Законот за облигациони односи.

8. Приговорот на точката 11.3.3, од конечниот извештај, а кој се однесуваат на неплатена обврска спрема Фондот за наплатената партиципација согласно член 36 од Законот за здравствено осигурување, **не се прифаќа** поради што со поднесување на завршната сметка за 2005 година, во книговодствената евиденција на аптеката не е евидентирана компензација за истото со Фондот.
   Компензацијата во износ од 32.865 илјади денари е спроведена во книговодствената евиденција на ЈЗО Градска аптека „Скопје" – Скопје во 2007 година.

9. Забелешките на констатациите изнесени во точката 11.3.4, кој се однесува на евидентирани обврски кон второрангирани добавувачи по тендер од Фондот, со кои Градска аптека има склучено договори, **не се прифаќа** поради тоа што не се исполнети условите по член 5 од Договорот со Фондот од 31.08.2004 година, односно не се обезбедени средства за 2005 година од страна на Фондот со

анекс договор, ниту сопствени средства, поради работење со загуба во тој период. Средствата се обезбедени во 2006 година.

10. Приговорот на констатацијата изнесена во точката 11.3.5, од конечниот извештај, а кој се однесува на неусогласеност на билансните позиции од Билансот на состојба, Постојани средства со Извори на капитални средства и Залихи со Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар), **не се прифаќа** поради тоа што евиденцијата на изворите не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

11. Приговорот на констатацијата дадена во точката 11.4.1.1, од конечниот извештај, а која се однесува на одобрена позајмица на Синдикатот при Градска аптека, **не се прифаќа** поради тоа што давање на позајмици не влегува во Дејности од судската регистрација и Член 10 од Статутот на Градска аптека.

12. Приговорот на точка 11.4.2.1, од конечниот извештај, а кој се однесува на не склучен договор за групна набавка со Фондот, каде Фондот набавува од името на група набавувачи кои имаат потреба од ист вид на набавка (ЈЗУ), **не се прифаќа** поради тоа што аптеката е една од групата набавувачи кои имаат потреба од ист вид на набавка и истото е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки

13. Констатациите изнесени во точката 11.4.2.2, а кои се однесуваат за јавни набавки прикажани во Преглед број 1, даден како прилог на извештајот, **не се прифаќа** поради тоа што истите не се во согласност со Законот за јавни набавки, дадени по основи во прегледот во конечниот извештај.

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**